Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на дел дневните настани 13.12.2022

На 12.12.2022 во 16.30 часот на ул.„Мариовска" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.А.(48) од Скопје. Тој бил баран по централна потерница по наредба на Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од три години за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори" по член 215 од Кривичниот законик. Лицето било предадено во Казнено-поправната установа Затвор Скопје за издржување на казната.

На 12.12.2022 во 22.20 часот, полициски службеници од СВР Куманово ја лишиле од слобода Б.М.(46) од Куманово. Таа била барана по потерница за издржување затворска казна. Лицето било спроведено во Казнено-поправна установа Затвор Идризово за издржување на казната.

На 12.12.2022 во 15.50 часот во Велес, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода А.П.(37) од Република Србија, со престој во Велес. При претрес во неговиот домот, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени пиштол „Чешка зброевка" калибар 7.65 мм и една рамка за пиштол со седум куршуми калибар 7.65мм. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.12.2022 во Велес, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода М.З. (30) од Велес. Тој бил затекнат при обид да изврши кражба во црквата „Свети Спас" во Велес. Исто така, по преземени мерки било констатирано дека тој и претходно, на 10.12.2022, од истата црква одзел пари. Лицето било задржано во полициската станица во Велес и по целосно документирање на случаите против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.12.2022 околу 17.45 часот, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар ги лишиле од слобода Е.Н.(36) и М.Н.(30), двајцата од гостиварски Градец. Тие се сомничат дека одзеле на патничко моторно возило „лада нива" со гостиварски ознаки, сопственост на 42-годишниот Н.Н. од с.Градец. Возилото било пронајдено и вратено на сопственикот, а лицата била задржани во полициска станица. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (13.12.2022) во 00.40 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода У.Ф.(42) од Куманово. На улицата „Србо Томовиќ" во Куманово, полициски службеници го затекнале при обид да одземе предмети од патничко моторно возило. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 12.12.2022 во 09.30 часот во Национален парк „Шар Планина", полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Маздрача ги лишиле од слобода А.Н.(59) од с.Градец, гостиварско, Д.А.(55), Г.Б.(36) и Д.Р.(18), тројцата од Италија, поради постоење основано сомнение дека сториле кривично дело „незаконит лов" казниво по член 228 од Кривичниот законик. При извршен преглед, кај Д.А. била пронајдена ловечка пушка „Бернардели " и 20 патрони муниција, а кај Г.Б. била пронајдена ловечка пушка „Бетинсоли" и 21 патрони муниција, за кои не поседувале документи. Лицата биле предадени на полициски службеници во Полициската станица Гостивар за понатамошна постапка и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.12.2022 во 17.30 часот на Граничен премин „Меѓународен аеродром Скопје", полициски службеници го привеле С.Х.(37) од Косово, затоа што при контрола приложил хрватска патна исправа за која постои основано сомение дека е фалсификувана. Лицето било предадено на полициски службеници од Регионален центар за гранични работи Север, Оддление за прекуграничен криминал и миграции Скопје, а по наредба на Јавен обвинител лицето било сместено во Прифатен центар за странци – Скопје за понатамошна постапка.

На 13.12.2022 во 01.45 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Н.Б.(19) и Т.Т.(25), двајцата од Скопје, затоа што кај нив биле пронајдени и одземени марихуана и бела прашкаста материја. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.12.2022 околу 09.30 часот во тетовски Дреновец, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода А.Ј.(28) од Тетово, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. Тој е задржан во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 12.12.2022 во 21.30 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода И.Д.(20) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.12.2022 околу 21.00 часот на улица „107" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода Е.Р.(25) од Тетово, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе следува соодветен поднесок.
На 12.12.2022 во 22.45 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.К.(20) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.12.2022 околу 21.00 часот на улица „107" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово привеле малолетник од Тетово, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе следува соодветен поднесок.

На 12.12.2022 во 20.10 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Д.(23) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во текот на вчерашниот ден (12.12.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 147 возачи. Од нив седум возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а две возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 82 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 65 надвор од населено место.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (12.12.2022) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 94 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина три санкции, осум мерки за возење без возачка дозвола, седум санкции за возење под дејство на алкохол...

На 12.12.2022 во 16.38 часот во Полициската станица Македонски Брод било пријавено дека на регионалниот пат Кичево – Прилеп, кај с.Латово, Општина Македонски Брод, патничко возило „ауди а4" со регистарски ознаки од Македонски Брод, управувано од Д.Д.(38) од Македонски Брод, удрило во Т.Ј.(61) од Македонски Брод. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Здравствен дом во Македонски Брод. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Македонски Брод.

На 12.12.2022 во СВР Битола, Е.А.(28) од с.Поешево, битолско, пријавил дека во близина на Саат кулата во Битола бил каснат од куче скитник.

На 12.12.2022 во 15.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Партизански одреди" во Скопје, електричен тротинет управуван од М.М.(36) од Скопје удрил во пешакот Х.Н.(42) од с.Бардовци, скопско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Х.Н., констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 12.12.2022 во 15.40 часот во Полициската станица Аеродром, А.Ј.(39) од Скопје пријавила дека на бул.„АСНОМ" била касната од куче скитник.

На 12.12.2022 во 11.45 часот во Полициската станица Кичево било пријавено дека на магистралниот пат Гостивар-Кичево, во близина на место викано „Сеферов бунар", се случила сообраќајна несреќа помеѓу товарно возило „ивеко" со скопски регистарски ознаки, управувано од Р.Д.(66) од Скопје и патничко возило „пежо" со кичевски регистарски ознаки, управувано од Н.Р.(55) од с.Зајас, кичевско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле двајцата возачи, а со телесни повреди се здобиле сопатниците од товарното возило С.С.(65) од с.Туралево, кратовско, Х.В.(52) и Р.Р.(28) од с.Сарај, скопско и С.П.(58) од Скопје, констатирани во Медицинскиот центар во Кичево. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Кичево.

На 12.12.2022 во 14.20 часот во СВР Куманово, Д.К.(40) од Куманово пријавил дека на улица „Гоце Делчев" во Куманово бил каснат од куче скитник.

На 12.12.2022 во 10.50 часот во Кичево, полициски службеници од ОВР Кичево го лишиле од слобода З.С.(30) од Кичево. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, полициските службеници пронашле и одзеле марихуана. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.12.2022 во Кичево, полициски службеници од ОВР Кичево го лишиле од слобода Ј.Н.(27) од Кичево. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, полициски службеници пронашле и одзеле два револвера „Екол Випер", 19 куршуми, 21 сачми од ловечки патрони и 14 испукани ловечки патрони, кои нелегално ги поседувал. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.12.2022 во 10.20 часот на ул.„Енгелсова" во Штип, полициски службеници од СВР Штип го лишиле од слобода Н.Л.(41) од Штип, затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (13.12.2022) во 10.40 часот на улица „Таља Бикова" во Гевгелија, полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Гевгелија го лишиле од слобода А.Ѓ. (36) од Гевгелија. Тој се сомничи дека на 12.12.2022 со остар предмет го нападнал Н.Н. (68) од Гевгелија во неговиот дом. Со судска наредба бил извршен претрес во домот на А.Ѓ. и биле пронајдени траги и предмети поврзани со кривичното дело. Лицето било задржано во Полициската станица Гевгелија, а по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.12.2022 на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 16 прекршоци, од кои 13 во населено место и 3 надвор од населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 5 други видови на прекршоци, од кои по 1 за управување возило без возачка дозвола, нерегистрирано возило, технички неисправно возило...

На 12.12.2022 од 09.00 до 14.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово спроведоа акциска контрола на возила кои вршат јавен превоз на патници (автобуси, такси комбиња и други возила). При контролата откриени и законски санкционирани се вкупно 7 технички неисправни возила, од кои 5 (ТЕ) имале технички неисправни сопирачки, а 2 (ГВ) неиспрани уреди и неизвршен технички преглед. Технички неисправните веднаш се исклучени од сообраќај, а на сите им се изготвени соодветни поднесоци. Покрај ова, санкционирани се и 14 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-7 и ГВ-7). Вчера, исто така, во Тетово биле санкционирани и 3 лица кои ги управувале возилата без положен возачки испит и 2 возачи почетници кои не се придржувале на предвидените ограничувања за оваа категорија учесници во сообраќајот.

Единицата за економски и компјутерски криминал при СВР Скопје поднесе кривична пријава против П.Б.(56) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама" по член 247 од Кривичниот законик. Пријавениот, во текот на 2022 година, со лажно прикажување на факти, го довел во заблуда законскиот застапник на оштетеното правно лице, претставувајќи се дека е соработник и овластен претставник на друго правно лице и дека сака да нарача трговска стока во име и за сметка на правното лице на кое што наводно е соработник и овластен претставник. На тој начин, пријавениот во два наврата го навел оштетениот да му испорача различна трговска стока во вкупен износ од 113.100 денари.

На 12.12.2022 во 13.30 часот во Полициската станица Бит Пазар, А.Ш.(40) од Скопје пријавила дека на 10.12.2022 во семејната куќа на ул.„Славеј Планина", Ш.Ш., сопругот на нејзината сестра, агресивно се однесувал кон неа и со огнено оружје ѝ се заканил нејзе и на нејзината малолетна внука. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Б.Г.(46) од Пробиштип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем". На 05.07.2022 на социјалната мрежа Фејсбук, на објава од портал, пријавениот поставил коментирал со кој промовирал и поттикнувал омраза и насилство.

На 12.12.2022 во 15.00 часот во Полициската станица Гази Баба, 58-годишна жена од Скопје пријавила дека околу 06.00 часот во дворот од нивниот семеен дом на подрачјето на Гази Баба, по претходна расправија поради нерасчистени имотно - прави односи, била физички нападната од нејзината сестра С.Г.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против З.Л.(25) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". Пријавениот извршил механичка промена на идентификацискиот број на возило „фолксваген туран", со што извршил промена на идентитетот на возилото, а било откриено при контрола од полициски службеници.

На 12.12.2022 во 20.45 часот во СВР Скопје, Е.Д.(34) од Скопје пријавила дека на ул. „Битпазарска" во Скопје, А.А. физички ја нападнала малолетната ќерка на Е.Д. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.12.2022 во СВР Скопје било пријавено дека во 07.39 часот во зграда на ул.„Даме Груев" настанал пожар во разводни ормани сопственост на ЕВН. Екипа на бригадата за противпожарна заштита го изгаснала пожарот, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против Џ.Р.(18) од Свети Николе, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба на наркотични дроги". На 27.09.2022 во Градскиот парк во Свети Николе, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

Триесет и едногодишниот Е.Џ. од тетовско Боговиње вчера (12.12.2022) во 20.15 часот во СВР Тетово пријавил дека на локалниот пат во селото бил каснат од куче скитник.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против В.В.(45) од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем". На 18.04.2022, на социјалната мрежа Фејсбук, на објава од друго лице, пријавениот објавил коментар со кој промовирал и поттикнувал омраза и насилство.

На 12.12.2022 во 12.35 часот, Б.С.(66) од Кичево во полициска станица пријавила дека на улица „Рудничка" во Кичево била касната од куче скитник. Истиот ден, 17-годишен малолетник од Кичево пријавил дека на улицата „Магистрален пат" во Кичево бил каснат од куче скитник.
На 12.12.2022 во 12.00 часот во Полициската станица Гази Баба, Ѓ.И.(55) пријавила дека од Јавна установа на подрачјето на Гази Баба, каде престојувале, се оддалечила нејзината внука А.И.(16). Според пријавеното, најверојатно била кај лице со кое е во љубовна врска. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против П.Ч.(24) од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување лиценца". На 03.12.2022 на Граничен премин „Табановце", полициски службеници извршиле контрола на патничко возило, кое го управувал пријавениот, при што констатирале дека вршел јавен превоз на патници во патниот сообраќај без да поседува лиценца за вршење на јавен превоз, издадена од надлежниот орган - Министерство за транспорт и врски.

На 12.12.2022 во Полициската станица Кочани, В.И.(41) од с.Теранци, кочанско, пријавил дека во с.Видовиште, кочанско, бил каснат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет